Лилјана ГУШЕВСКА
Институт за
национална историја –
Скопје

УДК 821.163.3-2 94
(100:=163.3) (049.3)

# НАВРАЌАЊЕ НА ДРАМАТА „МАКЕДОНСКА ЕМИГРАЦИЈА“ ОД ВОЈДАН ЧЕРНОДРИНСКИ

Веројатно не е потребна посебна причина за навраќање и потсетување на творештвото, но и на целокупната дејност на Војдан Чернодрински, особено кога станува збор за една од неговите драми која, за жал, е сè уште недоволно позната за поширокaта македонска јавност.[1] Во досегашните осврти „Македонска емиграција“, меѓу другото, се третира и како значајно сведоштво за проучувањето на историско-културните, но и на политичките аспекти на македонското емигрантско движење, имајќи предвид дека третира едно мошне

[1] На неа за првпат поконкретно се задржал нашиот познат истражувач на драмската уметност, Александар Алексиев, и тоа пред повеќе од 40 години, притоа посочувајќи дека Воислав Илиќ и други истражувачи на творештвото на Чернодрински во претходниот период не ја споменувале оваа драма. Види: Александар Алексиев, „Драмско сведоштво за дејноста и разбивањето на ’Младата македонска дружина‘“, во: *Современост*, год. XX, број 8-9 (октомври-ноември) (Скопје: 1970), фуснота бр. 1, 876. Подоцна истата е вклучена во неколку изданија на драмското творештво на Чернодрински, од кои во овој прилог го користиме следново: Војдан Чернодрински, „Македонска емиграција“, во: Војдан Чернодрински, *Одбрани дела*, приредил Александар Алексиев (Скопје: Мисла, 1992). Исто така, таа е проследена во неколку општи прегледи, додека од книжевен аспект била предмет на интерес на авторите Воислав Илиќ, Весна Мојсова-Чепишевска и Наташа Аврамовска. Види: Воислав И. Илиќ, *Лице и маски* (Скопје: НИО „Студентски збор“, 1998), 157-182; Весна Мојсова-Чепишевска, „Актанцијалниот модел на драмата ’Македонска емиграција‘‘, *Спектар,* бр. 29 (Скопје: Институт за македонска литература, 1997), 43-53; Наташа Аврамовска, „Урбаниот лавиринт на *Македонската емиграција“* кон крајот на деветнаесеттиот век“, во: *Војдан Поп Георгиев-Чернодрински: живот и дело* (Материјали од Меѓународниот симпозиум одржан во Струга од 2 до 4 јуни 2000), Приределе: д-р Јованка Стојаноска Друговац, д-р Лорета Георгиевска-Јаковлева (Струга, Скопје: Дом на култура, Институт за македонска литература, 2001), 135-143.

значајно и чувствително прашање од македонската историја од периодот на 90-тите години од XIX век, имено згаснувањето на Младата македонска дружина и создавањето ново здружение на македонските емигранти во Софија. Оттука и мотивот повторно да се задржиме на оваа драмска хроника, како што ја нарекува Александар Алексиев, обидувајќи се преку ликовите и настаните опфатени во неа да ги проследиме процесите и случувањата кои суштински ќе го определат текот на дејствувањето и на организирањето не само на македонската емиграција во Бугарија туку и на македонското националноослободително движење во целина, и тоа низ призмата на современиците, и конкретно на самиот Чернодрински.[2]

Во ова дело Чернодрински проговорува за бурните случувања во периодот 1894–1895 година, кога дел од членовите на Младата македонска дружина ја поведуваат иницијативата за создавање на т.н. Братски сојуз, кој целосно би ја презел улогата на предводник на активностите на македонската емиграција во Софија.

Како што е добро познато од биографијата на Чернодрински, во 1894 година тој го формилал кружокот *Македонски зговор* под директно влијание на Младата македонска дружина предводена од Коста Шахов.[3] Меѓу нејзините основачи, инаку деца на 15-16 години, како што наведува самиот Чернодрински, е забележано и името на гемиџијата Марко Бошнаков од Охрид. Оваа група млади луѓе набргу се приклучила кон работата на обновената дружина, организирајќи литературно-музички вечеринки и други претстави. За ваквата активност пишува и самиот Чернодрински во своите *Спомени*:[4] „Кон

[2] Без да навлегуваме во прашањето за времето на настанување на ова драмско дело, инаку еден од првите посериозни драмски обиди на Чернодрински, само ќе посочиме на ставот на Алексиев кој најнапред наведува дека тој почнал да го пишува некаде кон крајот на 1894 и почетокот на 1895 година, а го завршил во текот на 1897 година во битолското село Могила, каде што, на свое барање, бил назначен за учител од страна на Бугарската егзархија (Алексиев, „Драмско сведоштво за дејноста и разбивањето на 'Младата македонска дружина'", 901). Подоцна истиот автор го изнесува мислењето дека Чернодрински почнал да ја пишува некаде во пролетта-летото 1897 година, а ја завршил следната година при своето учителствување во Магарево („Хронологија на животот и делото на Војдан Чернодрински", во: Чернодрински, *Одбрани дела*, 527).

[3] Младата македонска дружина, всушност, претставува еден вид обновување на Младата македонска книжовна дружина, која била растурена од Стамболовиот режим во 1892 година.

[4] Пет продолженија од „Спомените" на Чернодрински биле објавени во весникот на Ангел Динев „Македонски преглед" почнувајќи од 10 септември 1936 година, сè до забранувањето на овој весник. В.: „Белешки и објаснувања", во: Војдан Чернодрински, *Собрани дела*, том четврти, *Сеќавања, документи, статии*, приредил Александар Алексиев (Скопје: Мисла, 1976), стр. 201.

просветно-културната дејност на книжевната ’Млада македонска дружина‘, особено во исполнувањето на литературно-музичката програма на вечеринките, давани од таа дружина во нејзиниот читалиштен салон на ул. ’Цар Борис‘, се придружи и кружокот. Рецитациите, четивата и изведувањето на драмски патриотски сценки и живи слики, станаа наш монопол и кога се почувствувавме слободни, силни и со доверба кај раководителите на ’Младата македонска дружина‘ ја зедовме во наши раце сета организација на вечеринките: скоро секоја сабота навечер се даваше по една вечеринка во читалишниот салон на ул. ’Цар Борис‘ и публиката, главно посветени младичи и од средната рака луѓе, родени во Македонија, по секоја претстава си одеше ентусијазирана и задоволна. Успехот нѐ зашемети и нас, изведувачите, и како што за публиката стана тесен салонот на ’Млада македонска дружина‘, така стана тесна и импровизираната сцена на истиот салон...“[5]

Со оглед на ваквата ангажираност на Чернодрински и на неговите приврзаници од *Македонски зговор* во дружината, не изненадува начинот на кој ги креира ликовите во „Македонска емиграција“. Притоа, тој е еден од првите во македонската книжевност воопшто кој ги користи антропонимите како стилско средство,[6] асоцирајќи на нивните карактерни, идејни и морални особености. Имено, како што наведува Петар Шимуновиќ, името на литературниот лик не е само етикета на личноста, зашто во него се испреплетуваат многу значења – оние што се содржани во етимологијата на името, оние што произлегуваат од знаењето за носителот на името и оние што посочуваат на афективно-естетските карактеристики што му ги наметнал авторот на определен лик.[7] Во таа смисла, ликовите преку кои Чернодрински ги олицетворува заговорниците за создавање на Братскиот сојуз ги носат имињата Машев, Липов, Слаткодумов, Туфеков, Ветеров, Клинков[8] и сл., додека бранителите на Младата

[5] Војдан Чернодрински, „Македонскиот драмски театар“ (*Спомени*), во: Војдан Чернодрински, *Собрани дела*, том четврти, 29-30.

[6] Марија Коробар-Белчева истакнува дека „во уметничката литература антропонимите можат да бидат семантички исполнети и тогаш, покрај означувачка и диференцијална, добиваат и значенска, поточно, стилска функција“. Види: Марија Коробар-Белчева, „Личните имиња во функција на уметничката порака“, во: *Зборник на трудови од научниот собир „Функционалните стилови во македонскиот јазик“,* Јазикот наш денешен кн. 4 (Скопје: Институт за македонски јазик, 2006), 85.

[7] Petar Šimunovuć, „Ime u funkciji književnog dela“, *Onomastica jugoslavica* (Zagreb: 1976), 242.

[8] Оваа постапка Чернодрински ја применува и за Калпазов, име на спореден лик на македонски емигрант од Велес кој се појавува во првото дејствие од драмата. Неговот

македонска дружина проговоруваат низ ликовте на Изворски, Горски и Социјалистов. Зад ликот на последниов, иако во драмата има сосема споредна улога со едвај неколку реплики, Алексиев претпоставува дека се крие познатиот социјалистички деец Атанас Раздолов. Судбината на Изворски, пак, несомнено е креирана како автобиографски приказ на учителската дејност на Чернодрински во Могила, зашто овој лик на крајот од драмата се јавува како учител кој живее во бедни услови во едно зафлено село во Македонија, но сепак непоколеблив во правилноста на својот избор.

Чернодрински се служи и со други средства за да ја направи диференцијатата на ликовите. Така, во првите три чина од драмата, македонскиот јазик го користат ликовите што ги играат припадниците на пониските социјални слоеви, додека припадниците на елитистичко-аристократската група составена од македонски студенти-емигранти меѓусебно комуницираат исклучително на бугарски јазик. Ова особено доаѓа до израз во последниот чин од драмата, каде што селаните кои доаѓаат да го посетат учителот, е напишана на македонски народен јазик.[9]

Преку ликовите во „Македонска емиграција“ јасно доаѓа до израз и социјалната поделеност во редовите на македонската емиграција. Таа опоцизија се провлекува низ целата драма, зашто како причина за основање на новото здружение се истакнува токму фактот дека во неговите редови треба да влезат претставниците на интелигенцијата и повидните граѓани, а не неуките и необразованите работници, како што бил случајот со Младата македонска дружина. Во функција на тоа е и кусото внесување на Социјалистов,[10] и неговиот кус дијалог со Машев:

---

име потекнува од имеката *калпаз*, што значи ’неранимајко, прокопсаник, измамник и сл.‘ (в. *Български тълковен речник*, Четвърто издание, Допълнено и преработено од Димитър Попов (София: Наука и изкуство, 2001), стр.339.; сп. и *калпозан,* Abdulah Škaljić, *Turcizmi u srpskohrvatskom jeziku*, šesto izdanje (Sarajevo: Svjetlost, 1989), 388-389). Се работи за турцизам од арапско-персиско потекло (в. Škaljić, *Turcizmi u srpskohrvatskom jeziku*, 388-389; исто и: *Български етимологичен речник*, том II (И – КРЕПЯ̀) (София: Издателство на Българската академия на науките, 1970), 175). Ликот што го носи ова име, во врска со неуредниот начин на живот што го води, самиот вели: „Одам за да го оправдам името што го носам“. Војдан Чернодрински, „Македонска емиграција“, во: Чернодрински, *Одбрани дела*, 45.

[9] Алексиев, „Драмско сведоштво за дејноста и разбивањето на ’Младата македонска дружина‘“, 877.

[10] А. Алексиев претпоставува дека во овој лик може да се идентификува познатиот социјалистички деец Атанас Раздолов. Види: Алексиев, „Драмско сведоштво за дејноста и разбивањето на ’Младата македонска дружина‘“, 894.

„Социјалистов: (...) Вие аристократите, ... без навреда, имате што да јадете, да пиете и пак се жалите на болести, а оние...

Машев: Г-н Социјалистов, овде не е место да проповедате социјалистички идеи“.[11]

Така, Чернодрински прави низа опозиции, креирајќи една палета на ликови која навидум изгледа црно-бела, но ако се имаат предвид конкретните историски случувања, станува појасна огорченоста и жестокоста со која авторот ги портретира своите ликови. Тој мошне одлучно ги осудува корумпираноста, идеолошката превртливост, себичноста и алчноста за моќ, финансиска добивка и за позиција на дел од македонските емигранти, а особено леснотијата со која се ставале во служба на која било пропаганда само за остварување на тие привилегии.[12] Во таа смисла се споменува и злоупотреба на средствата на македонските емигратски друштва, за што зборува и Горски, еден од двата клучни лика преку кои Чернодрински најдиректно ги искажува своите ставови: „Зар не знаеме дека многу парички од простиот народ за неговото ослободување пропаднаа во џебовите без дно на господата богаташи кои беа избрани за благајници на поранешните македонски здруженија? Знаеме ли колку здруженија биле основани и колку пари тие здруженија имаат собрано? Сите нив големците ги имаат изедено. Да, здруженијата умирале, а заедно со нив умирале и сумите...“[13]

Но, во однос на ова, Чернодрински посебно внимание им посветува на иницијаторите за формирање на Братскиот сојуз – Туфеков и Никола Иванчев, во кои јасно се препознаваат личностите на Наум Туфекџиев и на Никола Иванов. Нивното портретирање како главни виновници за расцепот во редовите на македонската емиграција во Бугарија, мотивирани само од личните интереси, е разработено во целото второ дејствие од делото. Особено е значаен фактот што како нивни современик, дури и без потребната историска дистанција, Чернодрински многу добро ја препознал и ја претставил негативната улога што ја одиграле во разбивањето на единството кај македонската емиграција, како и нивното целосно ставање во служба на бугарската државна власт. Во таа насока, преку искажувањата на Туфеков, Чернодрински го открива вистинскиот иницијатор за основање новото здружение во редовите на македонските емигранти: „Најдобро е, за да не ја искашкаме, на тие што ќе дојдат да не им

[11] Чернодрински, „Македонска емиграција“, 65.

[12] Повеќе за овие состојби, види: Д-р Крсте Битовски, *Македонија и Кнежевството Бугарија (1893-1903)*, (Скопје: Институт за национална историја), 1977, 16-18.

[13] Војдан Чернодрински, „Македонска емиграција“, 49.

кажуваме дека мислата за ново здружение не е наша, а на други... Ние треба да им кажеме таа идеја божем кај нас се родила!“[14] Никола Иванчев, пак, во второто дејствие се изјаснува дека „ ќе се бербатам во македонските работи колку за лице“, откривајќи дека неговиот единствен мотив е добивањето некоја крупна зделка од Министерството за јавни згради. Прекорувајќи го својот соработник Минејко што се замешува во „македонските работи“, тој уште додава: „Види, види... И тој се замешал во тие работи. Будала! Што му требало? Јас гледам да се искубам, тој, пак, се закача. Гледај си работата, бре... Што ти дала тебе Македонија, та сега што си оставаш работа...“.[15]

На овој начин, Чернодрински мошне умешно ја прикажува и меѓусебната недоверба, но и меѓусебното непочитување што владее кај овие луѓе, истакнувајќи ја нивната бескруполозност и отсуството на вистинска идеолошка и патриотска платформа, иако тие постојано зборуваат за својата „возвишена“ должност да основаат здружение кое ќе овозможи побрзо ослободување на Македонија. Во прилог на ова се и зборовите на Никола Иванчев со кои го карактеризира Туфеков: „(...) Кога одит, сѐ си нишат глаата... Страшен крволок е... Како за убиец да е роден!“.[16] Од друга страна, пак, Туфеков го искажува својот сомнеж во однос на Машев, имајќи ја предвид неговата претходна активност: „Немам доверба во Машев. Тој во времето на Стамболов беше негов шпион“.[17] А токму преку ликот на Машев Чернодрински ја преставува онаа група млади македонски студенти и интелектуалци кои наместо да бидат водечката сила на македонското национално дело, настојуваат што подобро да се позиционираат во бугарското општество обезбедувајќи си удобен живот, а само вербално декларирајќи се како патриоти и приврзаници на тоа дело. Тој се споменува и како редактор на весникот „Право“, заедно со Калуѓеров (кој воопшто не се појавува во драмата – забел. Л.Г.). Ставајќи во улога на редактор на весникот еден целосно негативен лик, Чернодрински веројатно повеќе настојува да ги прикаже неговата уредувачка политика и идеолошката насоченост и диригираност, само посредно алудирајќи на профилот на реалните личности што ја извршувале оваа функција.[18]

---

[14] Чернодрински, „Македонска емиграција“, 62.

[15] Чернодрински, „Македонска емиграција“, 60.

[16] Чернодрински, „Македонска емиграција“, 60.

[17] Чернодрински, „Македонска емиграција“, 62.

[18] Во споменатиов период, редактори на весникот „Право“ се Тома Карајовов и Никола Наумов. Во ликот на Машев не може целосно да се препознае ниту еден од

Дијалогот на ликовите со спротивставени сфаќања уште во првиот чин води кон тоа да се откријат намерите на спроведувачите на идејата за создавањето на новото здружение на емигрантите од Македонија, т.н. Братскиот сојуз. Во овој дел Чернодрински ни го дава своето видување и за дејноста на „лозарите“, на која се надврзуваа таа на Младата македонска дружина. Коментирајќи го политичкото камелеонство на браќата Иванчеви, Изворски потсетува: „(...) Стамболов ни ја растури дружината... Но штом падна тој, ние ја обновивме. Г-дата од правителството пак сакаат да ни ја растурат... Да видиме зошто Стамболов ја згази оваа Дружина! Зар не е затоа што таа застана на самостојна почва, нели затоа бидејќи таа не подлегна на неговото влијание? Зар тој не ја растури бидејќи таа не сакаше да биде орудие во неговите раце? Да, тоа беше најважната причина да се згази ’Младата македонска дружина‘ во 1892 година... Истото го гледаме и денеска. Бидејќи правителството знае дека оваа Дружина не може да стане негово орудие, прибегнува кон истите средства. Ги поттикнува своите партизани (членови – забел. Л.Г.) Македонци да основаат ново здружение, да почнат да работат однатре, да направат расцеп да ја парализираат Дружината. Таа ќе умре... Ќе остане македонското здружение кое правителството ќе може да го влече за нос како што ќе посака“.[19]

Планот за уништување на дружината го претставува и Туфеков во второто дејствие, кој на прашањето на Никола Иванчев за нејзината иднина, сигурно одговара: „За неа е лесно... Таа и така ќе умре. На едно од идните собранија претседателот ќе поднесе оставка и тогаш ќе видиме. Мислам дека Странов доаѓа по него за претседател бидејќи имал најмногу гласови“. А потоа дообјаснува: „Ако тој дојде за претседател, тогаш многу скоро ќе се растури Дружината. Тој е наш човек, нели?“.[20] Ако се осврнеме на случувањата од крајот на 1894 година, кога е формиран Братскиот сојуз (на 27 декември), и почетокот на 1895 година (во февруари таа година Коста Шахов се повлекува од претседателското место)[21], прашање е дали зад името Странов можеби

нив, така што Чернодрински повеќе сака да го посочи конформистичко однесување и идеолошката поведливост на редакторите, нешта што стануваат поевидентни особено во нивното подоцнешно дејствување, особено кога станува збор за Т. Карајовов.

[19] Чернодрински, „Македонска емиграција“, 50.

[20] Чернодрински, „Македонска емиграција“, 62.

[21] Самиот Шахов, присетувајќи се на овие случување, дава и свое видување. Тој раскажува дека по митинзите за осуда на убивањето на Ерменците, Младата македонска дружина имала задача да создаде „едно ново здружение со неколку сериозни и познати лица избрани од сите Македонци во Софија, кое ќе се занимава специјално со раководењето на нашата политичка борба за ослободување на

се крие еден од основачите на дружината Евтим Спространов. Како поддржувач на идејата за политичка автономија на Македонија стекната преку решителна револуционерна активност, тој станал член и еден од секретарите на Братскиот сојуз.[22] Иако спротивставеноста и поделеноста во редовите на македонските емигранти била исклучително изразена по основањето на Братскиот сојуз, сепак и на едната и на другата страна имало луѓе кои настојувале да се надминат несогласувањата. Во таа смисла, Валентина Миронска-Христова, врз основа на изворната документација, соопштува дека на 13 февруари 1895 година во Софија Младата македонска дружина испратила писмо до Спространов повикувајќи го да го заземе претседателското место.[23]

Зборувајќи за расцепот во македонската емиграција, Чернодрински истакнува дека по формирањето на Братскиот сојуз, и двете страни „се отдадоа на словоборство, критики, напади, интриги", додавајќи: „А политичкиот момент беше сублимен и ечеше, ја повикуваше емиграцијата кон еднодушност, кон заедничка дејност.[24] Исто така, во обидот да даде едно објективно видување на овие случувања, сега веќе и од неопходната историска дистанца, Чернодрински во своите *Спомени* настојува да не заземе страна, исто како што пред четириесетина години „Кружокот, поради неполнолетноста на своите членови не зеде учество во борбите на полнолетните и покрај тоа што во него учествуваа и делегати. Тој својата дејност ја продолжи на сцена".[25]

---

Македонија. Шахов нагласува дека тој веќе го подготвил проектот за здружението и уште на 12 декември 1894 година му објаснил на Тома Карајовов, како редактор на весникот *Право* да пишува за тоа, а и самиот планирал да го направи истото „за да ги подготвам нашите сотатковинци да го дочекаат со доверба и да го поддржат. Но, наместо ова, како што истакнува, Шахов, Карајовов станува дел од групата која бара и најмала причина да предизвика раздор во дружината. Со очигледна огорченост, Шахов уште вели дека не очекувал дека само од омраза кон него овие „подли луѓе" ќе го поткопаат постоењето на самата дружина и ќе станат „причина за фаталното расцепување меѓу Македонците во најкритичните моменти". Според: *От София до Костур. Освободителните борби на българите от Македония в спомени на дейци на Върховния македоно-одрински комитет (полковник Анастас Янков, майор Димитър Думбалаков, поручик Борис Сарафов, Георги Белев, Коста Шахов, инженер Христо Станишев)*, Съст. И. Бурилкова, Ц. Билярски. С. (София, 2003), преземено од: http://macedonia-history.blogspot.com/2010/10/kosta-shahov-edno-osvetlenie-po-nashite.html (пристапено на 29. 5. 2014 година).

[22] Битовски, *Македонија и Кнежевството Бугарија*, 25.

[23] Валентина Миронска-Христова, *Литературното дело на Евтим Спространов* (Скопје: Институт за македонска литература, 2004), 23.

[24] Чернодрински, „Македонскиот драмски театар", 30.

[25] Чернодрински, „Македонскиот драмски театар", 31.

Во третото дејствие се прикажува понатамошното расцепување на македонската емиграција. Имајќи ја предвид историската рамка, дејството во него се случува по Првиот македонски конгрес од март 1895 година, на кој, како што е познато, е постигнато привремено обединување на македонската емиграција, а Трајко Китанчев, како личност со голем авторитет, е избран за претседател на новоформираното тело именувано како Македонски комитет. По ова следуваат настаните кои ќе имаат далекусежни последици за македонското национално дело во целина, зашто тоа е периодот на т.н. вооружена четничка интервенција (т.н. Мелничко востание) диригирана од бугарската влада.[26] Овие случувања директно го погодуваат Китанчев, кој сето ова го доживува „како своја лична трагедија“.[27]

Преку дијалозите на ликовите во ова дејство понекогаш само патем или преку алузии, а понекогаш сосема експлицитно се проследуваат настаните околу одржувањето на Првиот македонски конгрес, разочарувањето на Китанчев од неговите довчерашни соработници и истомисленици[28] и постепеното надвладување на струјата околу браќата Иванови. Еден од забележителните ликови во ова дејствие е Чаков, еден од малобројните членови на дружината кој се бори за нејзиниот опстанок на изворна македонска основа. Тој остро ја осудува дејноста на браќата Иванови кои профитирале и преку споменатото Мелничко востание, уништувајќи ја револуционерната акција уште во нејзиниот зародиш. Неговото карактеризирање на Китанчев како „срцето на македонската слобода“ секако зборува не само за личните симпатии на Чернодрински кон него, туку и за почитта што ја чувствувале македонските емигранти кон овој македонски деец. Оттука, не случајно Македонскиот комитет и самиот Китанчев биле искористени за спроведувањето на интересите на бугарската влада во однос на Македонија.

Соочен со конечното растурање на дружината спроведено од неколкуте млади востаници, послушници на браќата Иванови, Горски, кој го исполнил заветот што сите го дале во текот на студирањето

---

[26] Крсте Битоски е дециден дека иницијатор на оваа акција не бил Трајко Китанчев, туку таа идеја му ја пренел Борис Сарафов, најверојатно по налог на бугарската влада. Види: Крсте Битоски, *Континуитет на македонските националноослободителни борби во XIX и почетокот на XX век* (Скопје: Институт за национална историја, 1998), 225-226.

[27] Битоски, *Континуитет на македонските националноослободителни борби во XIX и почетокот на XX век*, 226.

[28] Чаков вели дека браќата Иванови „го ранија срцето на Китанчев“ (Чернодрински, „Македонска емиграција“, 73).

враќајќи се во татковината како учител, но станувајќи и востаник, во момент на разочараност и крајна огорченост, сепак го нагласува фактот дека голем број Македонци се заведени, изманипулирани и искористени.[29]

Погореспоменатите мемоарски записи на Чернодрински, како и оценката на Горски за заведеноста на младите востаници покажува дека поделеноста на македонската емиграција особено влијаела врз младите луѓе понесени од идејата да работат за доброто на поробената таковина. Затоа не случано некои од нив се приклонувале кон едната или кон другата страна, прифаќајќи една од концепциите што, барем формално, ја прокламирале нивните раководства – масовни демонстрации и притисок врз бугарската влада, отворање читалишта и вечерни школи, од една страна, и заложба за вооружена борба, како единствена опција, од друга страна. Но, може да согледа и дека сето ова тој го разбира како дел од севкупното македонско национално движење – и дејствувањето на општествено-културен план, но и мобилизирање на четничкото движење. Ова, впрочем, станува евидентно и со подоцнежното дејствување на Чернодрински и на другите членови на кружокот, кои и самите постепено им се приклучувале на четите што заминувале во Македонија.[30]

Конечно, најголемото значење на ова драмско дело како сведоштво за проучување на овие настани е можноста тие да се согледаат низ призмата на нивните современите и директни учесници, да се доживеат преку нивната перцепција на личностите со кои

[29] Со неговиот монолог всушност и завршува третото дејствие: „Еј, слободо, слободо. Така ли ќе те добиеме? Ќе поведеме борба со непријателот? Со кого?! Со измамници, со лажни патриоти!. Со тие кои повеќе го сакаат раздорот одошто обединувањето. Но ништо... Не смееме да потклекнуваме! Мракот е густ! Треба да се распрсне... Таму... Во тоа се состои прогресот! Неупатени многу... Тие не се подлеци! Но стануваат орудијја на подлите! Подлеците, подлеците... Готованите што стануваат трутови... Тие се бесполезни. Смрт за нив!!! Тие, тие се изворот на секое зло... Обединување, вика секој, а раздор и несогласување постои! Срамота...! Напред во татковината... Таму ѝ е местото на секоја интелигентна сила!“ (Чернодрински, „Македонска емиграција“, 82).

[30] Чернодрински посочува дека Лука Церов, егзалтиран член на Младата македонска дружина, како што го опишува, својата чета целосно ја регрутирал од редовите на публиката која ги посетувала литературно-музичките вечеринки што ги приредувале членовите на кружокот. Во таа смисла тој уште пишува: „Поради започнувањето на Китанчевото движење во текот на 1895 година, литературните и музичките вечеринки се реорганизираа и младите актери, кои го распламтуваа огнот во срцата на другите, не можеа да ги зачуваат од пожарот и своите срца. А во тоа време голем срам беше да ги распламтуваш другите да умираат за слободата на татковината, а ти сам да останеш далеку од борбата. Види: Чернодрински, „Македонскиот драмски театар“, 32.

споделуваат исти идеи и концепции, но и на тие со кои постојано се конфронтираат. Поаѓајќи од сето ова, обврската на современите проучувачи е особено одговорна во интерпретацијата на историските случување и на нивните актери кои треба да се согледуваат единствено во дадената временска и просторна лоцираност, која ја детерминира нивната комплексност.

Liljana GUSHEVSKA

# A REVIEW OF THE PLAY *MACEDONIAN EMIGRATION* BY VOYDAN CHERNODRINSKI

*- s u m m a r y -*

This paper analyses the historical–political and the social–cultural aspects of the Macedonian National Movement in the 90s of the 19th century treated in the play *Macedonian Emigration* by the founder of the Macedonian dramatic genre in literature –Voydan Chernodrinski. In fact, this play is about a rather significant and sensitive issue in the Macedonian history, namely the termination of the Young Macedonian Society and the creation of a new association of Macedonian emigrants in Sofia. What is particularly important is the fact that Chernodrinski himself was a contemporary of these events, and so the work itself is permeated with his view of the said events, as well as of the people who were direct participants in them. All of that, supported by written accounts of his recollections and the recollections of other contemporaries, reflects a turbulent period that had wide implications on the subsequent development of the Macedonian national actions as a whole.